NETWORKER



Design Sprint

Design Sprint-от е 5 дневен процес со помош на кој екстремно брзо се решаваат предизвици, креираат нови производи или се подобруваат постоечките. Тој е начин со кој се прави компресија на работата од 6-12 месеци во неколку денови.



Зошто Design Sprint?

Повеќе не е доволно само да се „има квалитетен производ“, потребно е да се има вистинскиот производ. Design Sprint-от е еден од најбрзите начини со чија помош може да се открие дали одреден производ/ услуга е вреден за развивање, дали постои пазар за истиот и колку клиентите би платиле.

Досега, Нетворкер Design Sprint-от го користи како процес кој за 80% ја зголемува шансата за наоѓање на инвеститори или како начин со кој се валидира бизнис моделот и се започнува со негова реализација.

Нашите клиенти го „обожаваат“ Design Sprint-от затоа што ги исфрлува неограничените часови поминати во состаноци и претпоставки и истите ги заменува со вистински, мерлив процес.



Што е крајниот резултат од Design Sprint-от?


Краен производ од секој спринт е интерактивен и веродостоен прототип, тестиран од реални корисници, кој дава јасни насоки за идните чекори на бизнисот.

Не станува збор за „хартиен прототип“ или „илустрација“, изгледа и се чувствува како реален производ/ услуга.

Што се случува после Design Sprint?

Откако бизнисот има материјална претстава од својот производ/ услуга „во свои раце“ и вистински корисници кои ги водат низ фазата на развој, донесувањето на одлуки станува многу полесно.

После првиот спринт, некогаш е потребно да се прави втор, доколку се неопходни корекции кои биле детектирани со тестирањето или да се користи прототипот со цел продажба на идејата и развој на истата.





И зошто Нетворкер?

Во Нетворкер ја насочуваме нашата експертиза во бизниси, кои веруваме ќе ја подобрат нашата држава на подобро. Во нашиот процес учествуваат експерти од финансии, претприемништво, дизајн, кодирање, маркетинг и сè друго што е потребно.



„Моето искуството со Нетворкер е како работа со тим кој има енергија на 12 шимпанзо и предвидувачка моќ на Нострадамус“. Бруно Панковски-основач на Спот АП.

Се надеваме на успешна соработка!



Сања Митровска

КО-СОПСТВЕНИК И ОПЕРАТИВЕН ДИРЕКТОР

+389 78 430 398
contact@networker.mk
www.networker.mk

NETWORKER